**Република Македонија**
**Министерство за економија**

Бр. 12-9746/5
Скопје 26.12.2012 година
Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Ф: (02) 3084472

**До:Државен завод за ревизија**
**За: Главен државен ревизор м-р Тања Таневска**

**Предмет: Мислење по нацрт Извештај**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 31. 12. 2012
17 122/16

Почитувани

Во врска со доставениот Нацрт-извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема:„Ефикасност од доделените концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија во Република Македонија“, Министерството за економија во соработка со Државниот инспекторат за техничка инспекција во рамки на своите надлежности го дава следното мислење:
Во однос на забелешката на државниот ревизор дека сеуште не е формиран Советот за јавно приватно партнерство укажуваме дека постапката за основање на Советот е во завршна фаза и се очекува до крајот на годината истиот да биде основан и да отпочне со своите активности.
Имено, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ бр.6/2012), Владата на РМ основа Совет за јавно приватно партнерство, составен од 15 члена, од кои еден претседател и заменик претседател. Во Советот членуваат претставници од повеќе органи на управување, таксативно наведени во законот како и претставници од локалната самоуправа-ЗЕЛС, и претставници од приватниот сектор-бизнис заедницата и независен експерт во областа на јавно приватно партнерство, со мандат од четири (4) години. Ваквата поставеност на Советот има за цел во истиот, како советодавно тело на Владата на РМ свој придонес и учество да има и јавниот и приватниот сектор во креирањето на политиките во оваа област, а во рамки на неговите активности меѓудругото ќе биде и изготвување на Стратегија за јавно приватно партнерство во РМ.
Што се однесува до забелешката во однос на Регистарот за доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство, известуваме дека истиот е изготвен во форма на укоричена книга на начин и со содржина пропишана со Уредбата за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство и за формата и содржината на Образецот на податоци за доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ бр.44/2012), во кој се внесуваат податоците доставен од страна на надлежните органи кои спроведуваат постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство на посебен Образец пропишан со предметната Уредба.
Укажуваме дека уписот во Регистарот се врши врз основа на податоците за доделениот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, кои надлежните органи се должни во рок од 30 дена од денот на неговото склучување или негова измена, да ги достават на посебен Образец до Министерството за економија.
Електронскиот регистар сеуште не е воспоставен од причина што за истиот се неопходни финансиски средства за изработка на софтверското решение, при

што се прават обиди за обезбедување на странска техничка помош за реализација на оваа активност.

Државниот инспекторат за техничка инспекција од аспект на своите надлежности нема забелешки по предметниот нацрт Извештај.

Во однос на препораката согласно која треба Концедентот односно Владата на РМ да овласти надлежен орган или друга независна институција кој ќе врши постојан надзор во извршувањето на обврските на Концесионерот во текот на сите фази од изградбата, користењето и одржувањето на објектот во текот на концесискиот период укажуваме на следното:

Во досегашниот период согласно Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство за целите на спроведување на надзорот над концесиските проекти од страна на концедентот се формирани три Комисии за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност.

Согласно член 8 став 2 од Законот за води („Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 53/11 и 44/12) од денот на започнување на неговата примена, управување со водите е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Воедно согласно член 54 од истиот закон на образложен предлог на Министерот за животна средина и просторно планирање се отпочнува постапката за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија, а согласно член 224 од истиот закон ова министерство врши надзор над спроведување на законот. Во оваа насока цениме дека имплементацијата на оваа препорака во име на концедентот би требало да ја спроведе Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со почит,

**МИНИСТЕР,**
**Valon Saraqini**

Изработил: Валентина Старделова
Виктор Андонов
Контролирал: Виолета Кецкаровска
Одобрил: Анче Трифунов